# ЗА КОВНИЦАТА НА ЛИХНИД

Нумизматичката збирка на Народниот музеј во Охрид чува четири примерци од многу ретките монети ковани во Дасаретскиот град Лихнид. Од познатата литература знаеме дека има уште еден примерок од оваа пара кој се чува во музејот во Цариград[1].

Сите монети се од истиот тип, изведени во бронза. На аверсот е претставен македонски штит, со шест крукчиња покрај работ на монетата, а во средината, во еден кружен простор изведена е четворокрака ѕвезда со лачни краци. На реверсот претставен е предниот дел на лаѓа и испишано е името на припадноста на монетата.

1. инв. бр. 38: А. Релјефноста на претставата на штиот е излизана.

   Р. Покрај лаѓата стои натпис, горе [Λ]ΥΧΝΙ
   долу ΔΙΩΝ

   д—1, 8 см; тежина 4,13 гр.

2. инв. бр. 821: А. Македонски штит релјефно претставен. сл. 2

   Р. Трагови од лаѓа и од натписот [ΛΥΧ]ΝΙ
   д—1,5 см; тежина 3 гр. [Δ]ΙΩΝ

3. инв. бр. 836: На двете страни слабо се сочувани претставите.

   д—1,4 см; тежина 3,80 гр.

4. инв бр. 838: Исто слабо сочувана монета.

   д—1,4 см. тежина 2,50 гр.

Постоењето на ковницата ја наметнува мислата за веќе урбанизирана и економски развиена населба. Околу екзактното лоцирање на гадот Лихнид, кој бил сместен на истоимената езеро, постоеја различни мислења[2]. Секако дека најприхватлив

---

[1] K. Regling, *Zur griechischen Münzen V*, Zeitschrift für Numizmatik XXXV/1925, 255: Н. Мушмовъ, *Охридскитѣ монетарници*, Македонски прегледъ, II, 1, София 1926, 69.

[2] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје 1956, 227—228.








ΛΥΧΝΙ
ΔΙΩΝ





е предлогот на Ф. Папазоглу[3] и средновековната традиција за сместување на Лихнид на денешната територија на градот Охрид, поточно во крајот Варош. Епиграфските споменици кои го споменуваат градот, архитектонската пластика од импозантни градби и монетите најдени во Охрид, сè се тоа елементи кои оделе во прилог кон оваа претпоставка. Кон тоа можеме да се приклучиме со уште неколку елементи. Последните десет години вршени се сондажни ископувања во гадот. Под рановизантиската и средновековна тврдина најдени се трагови од утврдување од хеленистичко римски тип, следени со керамика од хеленистичкиот период. Во просторот на Варош најдени се темели на станбени згради со систем за загревање, со цистерни. Потоа еден од многу значајните елементи е и откривањето на античниот театар[4], бидејќи како што вели Витрувиј[5], по изградувањето на форумот во еден град, требало веднаш да се помислува на изградување на театар. Најновите истражувања на касноантичната црковна архитектура во Охрид, го потврдија и епископскиот ранохристијански центар Лихнид[6].

Овој Дасаретски град бил сместен во непосредна близина на источната граница на Илирија кон Македонија. Во изворите се споменува од времето на римските завојувања во јужна Илирија и Македонија[7]. Често пати се наоѓал на патот на војните, водени меѓу Илирите и Македонците и меѓу Македонците и Римјаните. За време на македонските војни, градот кој повеќе пати се наоѓал под македонска власт, застанал на страната на Римјаните. Со освојувањата на Филип V во Илирија, Лихнид доаѓа под македонска власт. Кога во 196 год. пред н.е. Филип V е победен од Римјаните кај Киноскефале, Лихнид е даден на илирскиот крал Плеурат, како што вели Ливиј (XXXIII. 34): „Pleurato Lychnidus et Partini dati". Овај илирски крал наскоро ќе го наследи Генциј[8]. Во истиот бурен период се сместува и ковањето на монети во Лихнид.

Сметаме дека е потребно да се осврниме на аналогни претстави на монетите. Од една страна на оние, поради кои е и лихнидската пара кована во тој облик и на другите кои имаат слични на аверсот или реверсот. Познато е дека Филип V 186 год. пр. н.е., од економски и војностратешки причини, досволил на станов-

---

[3] Ibid. 228.

[4] V. Lahtov, *Ohrid-antičko pozorište*, Arheološki pregled 4, 1962, 198.

[5] Vitruvije, *O Arhitekturi*, Sarajevo 1961, v. 104.

[6] V. Lahtov, *Imaret — Ohrid*, Arheološki pregled 4, 1962, 212; Д. Коцо, *Археолошки ископување во Охрид од 1959—1964 год.* Годишен зборник 20, Скопје 1968, 320; V. Bitrakova, Arheološki pregled 6, 1964, 108.

[7] Ф. Папазоглу, *op. cit.* 225.

[8] F. Papazoglu, *Poreklo i razvoj Ilirske države*, Godišnjak V, Centar za Balkanološka ispitivanja Sarajevo 1867, 107.

[9] H. Gaebler, *Die Antiken Münzen von Makedonia und Paionia*, Berlin 1906, 11; Н. Мушмовъ, *Нумизматиката на македонскитѣ царе*, Македонски прегледъ VII, 4, София 1932, 62.

ништвото на Македонија да ги користи рудниците за ковање на монети[9]. Во многу области на Македонија градовите се служеле со оваа дозвола, како Едонија, Амфиполис, во Ботиеја вероајтно Пела, или во Дасаретија Лихнид (се поставува прашање колку долго бил Лихнид во состав на Македонија по битката кај Киноскефале?).

На бронзаните пари од оваа монетарна активност претставени се: глава на Зевс, на Атина, Пан, Дионизиј, Посејдон и трозбец, молња, речниот бог Стримон. Симболите на сребрните монети се од еден тип и тоа на аверсот е изведен штит, а на реверсот преден дел од лаѓа. Легендата се состои од натписот МАКЕΔΟΝΩΝ или од името на областа ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ ΑΜΦΑΞΙΩΝ, ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ Β или ΒΟΤΤΕΑΤΩΝ или во лихнидскиот случај само името на градот ΛΥΧΝΙΔΙΩΝ, што е единствено и дискутабилно.

Во соседните илирски краеви, во градовите Скодра и Лис, ковани се монети, каде на некои емисии се јавува претстава на штит, а на некои лаѓа. Околу нивното датирање постојат различни мислења[10]. Така наречениот тип на монети штит—шлем, кој е за нас значаен поради изгледот на штитот, во хронологизацијата на Еванс, е ставен во аутономната фаза на ковање на монети од градот Скодра со натпис ΣΚΟΔΡΙΝΩΝ на реверсот, во времето на македонската доминација на овие краеви од Филип V од 213—197 год. Со подоцнежните истражувања најдени се монети од истиот тип кои што биле ковани во монетарното ателје во Лисос, со натпис на градот[11].

Во доба на владавината на илирскиот крал Генциј од 181—168 год. исто така ќе биде кована монетата со претстави на штит и шлем само со наслов ΓΕΝΤΙΟΥ. Во каталогот на Еванс среќаваме една монета со претстава на штит на аверсот и пегас на реверсот, приписана на градот Ризон[12].

За потеклото на штитот претставен на монетите од илирските градови, кој често се наречува македонски штит, повеќе пати е расправано[13]. Н. Сека смета дека е тоа исклучиво штит од илирско потекло, бидејќи елементите кои ја сочинуваат декорацијата, концентрични кругови со точка кружно распоредени, се јавуваат на предмети од халштатскиот период во северните илирски

---

[10] A. Evans, *On Some Recepnt Diskoveries of Illyrian Coins*, Numismatic Chronicle NS XX 1880, 269—302: J. Brunšmid, *Die Inschriften und Münzen der griechischen Stadte Dalmatiens*, Wien 1898, 70—75. D. Rendić Miočević, *Prolegomena ilirskoj numografiji*, Godišnjak III, Centar za Balkanološka ispitivanja Sarajevo 1965, 77. H. Ceka, *Problèmes de numismatique illyrienne*, Studia Albanica II. Tirana 1964, 85: H. Ceka, *Questions de numismatique illyrienne*, Tirana 1972, 165: S. Islami, *Le monnayage de Scodra, Lissos et Genthios*, Actes du premier congrès international des études balkanique et sud-est européennes, Sofia 1969, 429, ili L'Illyrie II, Tirana 1972, 379.

[11] S. Islami, *L'Illyrie II*, 404: H. Ceka, *Problèmes de numismatique*, 152.

[12] Evans A. *op. cit.* 25.

[13] H. Ceka, *Questions de numismatique*, 165: S. Islami, *Illyrie II*, 386.

краеви (Босна и Херцеговина). Но не е непознато дека така изгледа македонскиот штит, претставен на монетите, многу од порано ковани во Македонија, како од Касандер (316—297 год.)[14], од Еуполеон (314/3 год.)[15], потоа Пир[16], или нешто покасно од Антигон Гонат (277—239 год.), Деметриј II (239—229 год.)[17] и на крај од Филип V и Персеј. С. Ислами верува дека овај културен елемент е заеднички на двата соседни и блиски народи и дека се провлекува од постари времиња. Но би можело и поинаку да се размислува. Како што рековме макдонскиот штит се јавува претставен на монетите уште од крајот на IV век, па преку III век го среќаваме и во времето на Филип V и Персеј. Не е неверојатно овај мотив да бил прифатен од илирските градови и владари од една единствена причина. Ако Македонците често ковале монети по грчки примери, така и Илирите вдомиле извесни македонско-грчки мотиви, претставени на парите, коишто имале подолга монетарна традиција.

Во хронолошката подела на ковањето на монети во илирскиот град Скодра, од страна на А. Еванс и Ј. Брунсшмид, примерокот со претстава на македонски штит и шлем, сместен е во аутономната фаза на ковање во Илирија од 220—197 год. Во поновата литература направен е обид да се изведе извесна корекција во хронологијта на типовите. Имено С. Ислами, осврнувајќи се на укажувањата на К. Пинк[18], ја застапува тезата дека е овај тип штит—шлем кован во времето на Филип V, но од 186 година кога дозволил слободно ковање во многу македонски градови. Најверојатно и Ризон како и Скодра го користеле македонскиот штит за амблем на своите монети, што наскоро овај мотив по 181 година ќе го преземе и Плеуратовиот наследник Генциј. И порано рековме дека во средината на монетите од Лихнид се наоѓа четворокрака ѕвезда чии краци се лачни. Таква ѕвезда е претставена и на монетите од Филип V ковани во 186 год. како и на монетите од градовите во Илирија Скодра, Лис и Ризон[19]. Од пред Филиповото ковање во Македонија, се јавува претстава на ѕвезда, во средниот дел на штитот, на монетите од Деметриј III (239—229 год.)[20].

Што се однесува до претставата на реверсот, дел од лаѓа, при изборот не е исклучен и автохтониот вкус. Античкиот свет кој што толку многу пловел и за кого морето покрај величестве-

---

[14] Н. Мушмов, *Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ*, София 1912, бр. 7276.

[15] B. Head, *Historia numorum*, Oxford 1911, 620.

[16] B. Head, *op. cit.* 230.

[17] Н. Мушмов, *Античнитѣ монети*, бр. 7310, 7322.

[18] K. Pink, *Lokale Prägungen aus dem Sinus Rhisonicus*, Serta Hofileriana, Zagreb 1940, 52: S. Islami, *L'Illyrie II*, 386.

[19] S. Islami, *L'Illyrie*, 395, 396: K. Pink, *op. cit.* 530.

[20] Н. Мушмов, *Античнитѣ монети*, бр. 7320; за овој примерок нема фотографија, да би знаеле за изгледот на ѕвездата.

носта и страхот претставувало извор на блага, многу често лаѓата која го симболизирала, земана е како мотив за претстава на монетите. Кај македонските владари се јавува на некои емисии од Деметриј I Полиоркет (306—285 год.) од Антигон Гонат (277—239 год.) потоа и кај Филип V[21].

На емисиите од Скадар и Лис, лаѓата е дадена по својата должина, што е идентична со илирските гусарски. На Лихнидските и на автономните монети, ковани за време на Филип V, дадена е претстава на преден дел од лаѓа, по грчко-македонските примери.

Значи Лихнид се наоѓал во средината на сферата на распространетоста на мотивите од типот на македонските монети. Се прашуваме, дали е во Лихнид оваа пара кована управо под македонска власт, или е тоа само имитирање на сребрната аутономна монета кована во Македонија 186 година, бидејќи во изворите не се споменува дали е градот по 197 год. кога е вратен на Илирите, пак преземен од Филип V. Според изворите познато е дека во III Македонска војна (170—169 год.) Лихнид е римска база. Во која мера е точно мислењето дека Лихнид се наоѓал под македонска доминација 186 год. засновано на ковање на оваа монета, ќе покажат понатамошните испитувања.

*Скопје.* *Вера Битракова Грозданова.*


## *RÉSUMÉ*

*Vera Bitrakova-Grozdanova*: SUR LE MONNAYAGE DE LYCHNIDOS

La collection numismatique du Musée National d'Ohrid contient quatre exemples de monnaies très rares, frappées dans la ville de Dassarètes — Lychnidos.

Ces monnaies, exécutées en bronze, sont d'un même type. Sur l'avers, elles portent le bouclier macédonien avec six petits cercles au bord de la monnaie et, au centre, dans un rond espace, avec une étoile à quatre rayons, exécutée par les bouts de l'arc. Sur le revers, elles portent une prome de galère, et au dessus le nom de la ville qui a frappé la monnaie (ΛΥΧΝΙΔΙΩΝ).

Des représentations identiques se trouvent sur les monnaies d'argent, frappées pendant le règne de Philippe V en 186 avant n. è. En ce temps-là, plusieurs villes, comme Amphipolis, Pella et d'autres, se servant de de la permission du souverain macédonien, battent des monnaies avec l'inscription ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ et le nom de la région. Seulement dans le cas de Lychnidos, on rencontre le nom de la ville — example unique qui a provoqué des discussions parmi les savant.

Dans les régions illyriennes voisines, dans les villes de Scodra, de Lissos et de Rhizon, sur sertaines émissions, on rencontre le bouclier, et sur les autres, la galère. Elles datent du temps de l'autonomie de Philippe V (213—197). Plus tard, au temps de Genthius, c'est la représentation du „bouclier macédonien" qui apparait sur les monnaies illyriennes.

Quant à l'origine du bouclier macédonien, représenté sur les monaies des villes illyriennes, on a discuté plusieurs fois. H. Ceka, raprochant la représentation de ce


---

[21] Н. Мушмов, исто, Т. IX, XI.

* Фотографиите ги изработил Петар Алчев.

bouclier à celle des objets de Halstat, trouvés en Bosnie, pense qu'il est d'origine exclusivement illyrienne. Il est connu que ce motif se rencontre sur les monnaies frappées en Macédoine avant Philippe V, aux temps de Cassandros, Eupoléont, Pyrrhos, Antigones Gonatas, Démétrios II. S. Islami croit que cet élément culturel était connu chez ces deux peuples voisins et proches. Il est possible que ce motif était accepté par les villes et les rois illyriens pour une autre raison. Si les Macédoniens battaient souvent des monnaies d'après les exemples grecs, les Illyriens pouvaient se servir aussi de certains motifs gréco-macédoniens, représentés sur argent et restés dans une tradition plus longue.

En ce qui concerne les représentations du revers, la partie d'une galère, on ne peut pas éliminer le gout individuel dans le choix, quoique nous sachions qu'elle est souvent représentée sur les monnaies antiques.

Nous considérens donc que la monnaie lychnidienne était frappée après 186 av. n. è. Cependant, voilà la question qui se pose: Est-ce que cette monnaie était frappée pendant la domination de Philippe V, ou cela se faisait dans le cadre de l'état illyrien, seulement comme une imitation de cette série, étant connu que Lychnidos était rendue aux Illyriens en 197 av. n. è.